НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА
БР. 03-28/24
28.03.2024 год.
СКОПЈЕ

НСДП
НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Скопје**

Нова социјалдемократска партија-НСДП
Улица Вељко Влаховиќ број 2-1/6
Скопје
Жиро сметка 270-000001045353
Даночен број 4030005572488

Почитувани,

Согласно член 27 од Законот за финансирање на политички партии, Ви го доставуваме **годишниот финансиски извештај за 2023** година на Нова социјалдемократска партија-НСДП.

Со почит,`

Милковски Мики
Одговорно лице

Скопје 27-03-2024 година

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 28.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| 47-11/17 | | | |

ПРИЛОГ

Назив и скратен назив на политичката партија **Нова социјалдемократска партија-НСДП**
ЕМБС **6058604**
Седиште **улица Вељко Влаховиќ 4 број 2/1-6 Скопје**

Сметки на политичката партија:

- ■ Основна трансакциска сметка **270000001045353**
  Назив на носителот на платниот промет: _**Нова социјалдемократска партија-НСДП**_
- ☐ Посебна трансакциска сметка на партиско истражувачко-аналитички центар на политичката партија ______________________________
  Назив на носителот на платниот промет: ______________________________
- ☐ Посебна трансакциска сметка за парични средства обезбедени преку кредит ______________________________
  Назив на носителот на платниот промет: ______________________________

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
|---|---|---|---|
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | I. ПРИХОДИ ВО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | |
| 1. | Парични средства од Буџетот на Република Северна Македонија | 3.163.527,00 | 3.707.417,00 |
| 2. | Членарини | | |
| 3. | Донации во парични средства | | |
| 4. | Подароци во парични средства | | |
| 5. | Дотации во парични средства | | |
| 6. | Спонзорства во парични средства | | |
| 7. | Прилози во парични средства | | |
| 8. | Легати во парични средства | | |
| 9. | Приходи од продажба на промотивен и пропаганден материјал | | |
| 10. | Приходи од авторски права | | |
| 11. | Приходи од продажба на билети | | |

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА * СКОПЈЕ *

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Приходи од камати | | |
| 13. | Приходи од закупнина на движен и недвижен имот | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14. | Приходи од позитивни курсни разлики | | |
| 15. | Парични средства од продажба на легати преку судска лицитација | | |
| 16. | Парични средства обезбедени од кредит | | |
| 17. | Пренесени парични средства од трансакциската сметка за изборна кампања | | |
| 18. | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 3.700.717,00 | 2.941.586,00 |
| 19. | Други приходи | 564.000,00 | |
| 20. | **Вкупно приходи во парични средства** (Збир од реден број 1 до реден број 19) | **7.428.244,00** | **6.649.003,00** |
| | II. РАСХОДИ ВО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | |
| 21. | Потрошени материјали | 442.481,00 | 213.063,00 |
| 22. | Други материјални расходи | 38.338,00 | 23.309,00 |
| 23. | Комунални услуги и греење | 73.983,00 | 79.961,00 |
| 24. | Комуникациски услуги (ПТТ услуги и др.) | 79.815,00 | 78.988,00 |
| 25. | Превозни - транспортни услуги | 40.000,00 | 52.234,00 |
| 26. | Услуги за поправки и тековно одржување | 28.503,00 | 105.121,00 |
| 27. | Издатоци за реклама и пропаганда | | 87.726,00 |
| 28. | Издатоци за репрезентација | 537.875,00 | 635.993,00 |
| 29. | Интелектуални услуги | 261.175,00 | 562.375,00 |
| 30. | Сметководствени услуги | 71.980,00 | 71.980,00 |
| 31. | Судски и правни услуги | 14.617,00 | 58.950,00 |
| 32. | Услуги за превод | | |
| 33. | Услуги за копирање, печатење и издавање | 104.288,00 | |

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА • СКОПЈЕ •

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34. | Услуги за статистички истражувања | | |
| 35. | Услуги за објавување на огласи | | |
| 36. | Изнајмување на простор и опрема | 525.684,00 | 741.047,00 |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 37. | Привремени вработувања | | |
| 38. | Други услуги | | 13.000,00 |
| 39. | Провизија за платниот промет | 16.822,00 | 13.500,00 |
| 40. | Камати на кредити и заеми | | |
| 41. | Отплата на главница на кредити и заеми | | |
| 42. | Премии за осигурување | 7.508,00 | 6.803,00 |
| 43. | Негативни курсни разлики | | |
| 44. | Други финансиски услуги | | |
| 45. | Дневници за службено патување и патни трошоци во земјата | 129.754,00 | 4.460,00 |
| 46. | Дневници за службено патување и патни трошоци во странство | | |
| 47. | Семинари и конференции | | 175.462,00 |
| 48. | Членарини платени од политичката партија | | 1.200,00 |
| 49. | Издатоци за меѓународна соработка | | |
| 50. | Плати | 560.800,00 | 528.800,00 |
| 51. | Придонеси за социјално осигурување | 231.696,00 | 221.167,00 |
| 52. | Данок на личен доход | 34.977,00 | 39.910,00 |
| 53. | Надомести | | |
| 54. | Други даноци и придонеси | | |
| 55. | Помошти, донации и други давања на правни лица | | |
| 56. | Помошти, донации и други давања на физички лица | 6.000,00 | 33.333 |
| 57. | Други помошти и давања | 28.888,00 | 16.378,00 |
| 58. | Пренесени парични средства на трансакциската сметка за изборна кампања | | |
| 59. | Донации во парични средства префрлени во Буџетот на Република Северна Македонија | | |

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА • СКОПЈЕ •

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Износ | |
|---|---|---|---|
| 60. | Донации вратени на донаторот | | |
| 61. | Набавка на градежни објекти | | |
| | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 62. | Набавка на опрема | 108.275,00 | |
| 63. | Други капитални средства | 1.050.000,00 | |
| 64. | Други расходи | 93.199,00 | 8.870,00 |
| 65. | **Вкупно расходи во парични средства** (Збир од реден број 21 до реден број 64) | 4.486.658,00 | 3.773.630,00 |
| 66. | **Вкупно приходи во парични средства - Вкупно расходи во парични средства** (Разлика меѓу реден број 20 и реден број 65) | 2.941.586,00 | 2.875.373,00 |
| | III. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ ВО НЕПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | |
| 67. | Донации во материјални средства | | |
| 68. | Донации во услуги | | |
| 69. | **Вкупно приходи од донации во непарични средства** (Збир од реден број 67 и реден број 68) | | |
| | IV.РАСХОДИ ПО ОСНОВ НА ДОНАЦИИ ВО НЕПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | |
| 70. | **Вкупно расходи по основ на примени донации во непарични средства** | | |
| 71. | **ВКУПНО ПРИХОДИ** (збир од реден број 20 и реден број 69) | 7.428.244,00 | 6.649.003,00 |
| 72. | **ВКУПНО РАСХОДИ** (збир од реден број 65 и реден број 70) | 4.486.658,00 | 3.773.630,00 |
| 73. | **ВКУПНО ПРИХОДИ-ВКУПНО РАСХОДИ** (Разлика меѓу реден број 71 и реден број 72) | 2.941.586,00 | 2.875.373,00 |
| 74. | Преземени, а неплатени обврски на политичката партија на 31.12.22__23_ година | 12.592,00 | 16.895,00 |
| 75. | Вкупно парични средства на политичката партија на 31.12.22__23_ година | 2.954.178,00 | 2.929.197,00 |

Во _Скопје___

На ден _27.03.2024 година_

Име и презиме на лицето одговорно за пополнување на Извештајот

Татјана Дамјаноска

Потпис________________

М.П.

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА • СКОПЈЕ •

Име и презиме на лицето одговорно за потпишување на Извештајот

Мики Милковски

Потпис______________

**УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

При пополнување на годишниот финансиски извештај податоците се внесуваат читливо и целосно, со печатни букви и арапски цифри.
Податоците се внесуваат во точно означените полиња.
Износите се искажуваат во денари без дени.

Во позицијата **Назив и скратен назив на политичката партија,** се впишува целосниот и скратениот назив на политичката партија согласно уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во позицијата **ЕМБС**, се впишува бројот на единствениот матичен број на субјектот.

Во позицијата **Седиште,** се впишува полната адреса (улица, број и населено место), телефон, телефакс, адреса за е-пошта и интернет страница. Броевите на телефонот/телефаксот се впишуваат со карактеристичниот број на градот.

Во позицијата **Сметки на политичката партија,** во полето пред називот на трансакциската сметка се внесува знакот „х" и се впишуваат податоци за бројот на трансакциската сметка, а во полето Назив на носителот на платниот промет кај кого е отворена трансакциската сметка, се впишува целосниот назив на банката во која е отворена трансакциската сметка. Овој начин на пополнување на полињата од оваа позиција истовремено се применува за секоја од наведените сметки преку која се вршени плаќања во календарската година и чии податоци се искажуваат во годишниот финансиски извештај.

**Период** за кој се прикажуваат податоците за финансиското работење на сметките на политичката партија, како и податоците за вкупните приходи и вкупните расходи за остварување на целите и вршењето на активностите на политичката партија во Годишниот финансиски извештај е една календарска година.
Доколку политичката партија остварува цели и врши активности за период пократок од една година, приходите и расходите во Годишниот финансиски извештај се искажуваат за периодот од годината во кој истите се остварени.

**Во колоната со реден број 3 - Претходна година**, се внесуваат податоците за соодветните позиции од колоната 4 - Тековна година од Годишниот финансиски извештај составен за претходниот период.
**Во колоната со реден број 4 - Тековна година**, се внесуваат податоците за соодветните позиции од сметководствената евиденција за периодот за кој се изготвува Годишниот финансиски извештај.
Во колоните со реден број 3 и реден број 4 се внесуваат податоци само за позициите кои се нумерирани со арапски цифри.

**Во позицијата под реден број 1** - Парични средства од Буџетот на Република Северна Македонија, се впишува износот на парични средства за финансирање на политичката партија распределен од Буџетот на Република Северна Македонија согласно закон.

**Во позицијата под реден број 2** - Членарини, се впишува износот на парични средства уплатени од страна на членовите на политичката партија по основ на годишна членарина.

**Во позицијата под реден број 3 -** Донации во парични средства, се впишува износот на приход по основ на донации во вид на пари.

**Во позицијата под реден број 4 -** Подароци во парични средства, се впишува износот на приходот од подароци во парични средства.

**Во позицијата под реден број 5 -** Дотации во парични средства, се впишува износот на примените дотации во парични средства.

**Во позицијата под реден број 6 -** Спонзорства во парични средства, се впишува износот на приходи од спонзорства во парични средства.

**Во позицијата под реден број 7 -** Прилози во парични средства, се впишува износот на приходи по основ на примени прилози во парични средства.

**Во позицијата под реден број 8 -** Легати во парични средства, се впишува износот стекнати парични средства по основ на легати .

**Во позицијата под реден број 9 -** Приходи од продажба на промотивен и пропаганден материјал, се впишува износот на приходи од продажба на печатени, аудиовизуелни и дигитални изданија и пропагандни материјали и други публикации на кои е ставено името или некоја од ознаките на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 10 -** Приходи од авторски права, се впишува износот на приходи остварен од авторските права на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 11 -** Приходи од продажба на билети, се впишува износот на приходи остварен од продажбата на билети за присуство на манифестации организирани за партиски цели, при што на билетите треба да е ставено името или некоја од ознаките на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 12 -** Приходи од камати, се впишува приходот од наплатени камати на депозит на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 13 -** Приходи од закупнина на движен и недвижен имот, се впишува износот на приходот остварен од издавање под закуп на движен и недвижен имот на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 14 -** Приходи од позитивни курсни разлики, се впишува износот на приходите остварен од позитивни курсни разлики.

**Во позицијата под реден број 15 -** Парични средства од продажба на легати преку судска лицитација, се впишува паричната вредност остварена од продажба на легат кој политичката партија нема право да го стекне согласно закон.

**Во позицијата под реден број 16 -** Парични средства обезбедени од кредит, се впишува износот на одобрениот кредит.

**Во позицијата под реден број 17 -** Пренесени парични средства од трансакциската сметка за изборна кампања, се впишува износот на парични средства пренесен од трансакциската сметка за изборна кампања на основната трансакциска сметка на политичката партија согласно Изборниот законик.

**Во позицијата под реден број 18 -** Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година, се впишува износот на вишокот на приход остварен во претходната година и пренесен во тековната година, односно во периодот за кој се составува Годишниот финансиски извештај.

**Во позицијата под реден број 19 -** Други приходи, се впишува износот на приходи кои политичката партија ги остварила во периодот и кои не се прикажани во претходните позиции, како што се: износот на приходите остварени по основ на вонредна продажба на значаен дел од постојаните средства, наплатени штети по основ на осигурување, дополнително утврдени приходи од минати години, приходи остварени од продажба на опрема и капитални средства и други неспомнати приходи во парични средства во претходните позиции на Извештајот.

**Во позицијата под реден број 20 -** Вкупно приходи во парични средства, се впишува збирниот износ на приходите искажани од позицијата под реден број 1 до позицијата под реден број 19 од Извештајот.

**Во позицијата под реден број 21 -** Потрошени материјали, се впишува износот на расходите по основ на потрошените материјали и суровини, потрошеното гориво, мазиво и огрев, потрошениот канцелариски материјал, потрошените други материјали и потрошената вода.

**Во позицијата под реден број 22 -** Други материјални расходи, се впишува износот на расходите за платени административни такси, издатоци за стручна литература, списанија и весници, расходи за регистрација на моторни и други возила.

**Во позицијата под реден број 23 -** Комунални услуги и греење, се впишува износот на

расходите за: изнесување и собирање на смет, услуги за дератизација и дезинфекција, гаражирање и паркирање на возила, оџачарски услуги и останати неспомнати расходи за комунални услуги и расходите за електрична енергија и топлинска енергија.

**Во позицијата под реден број 24 -** Комуникациски услуги (ПТТ услуги и др.), се впишува износот на расходите за: поштенски услуги, телефонски услуги и за интернет.

**Во позицијата под реден број 25** - Превозни - транспортни услуги, се впишува износот на расходите за: транспортни услуги во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај, такси превоз, услуги за специјален превоз, услуги за достава и логистика и останати неспомнати расходи за транспорт.

**Во позицијата под реден број 26** - Услуги за поправки и тековно одржување, се впишува износот на расходите за: услуги за инвестиционо одржување на средствата, услуги за тековно одржување, услуги за одржување на хардвер и софтвер, услуги за сервисирање и одржување на транспортни средства и патнички автомобили, услуги за заштита од агенции за обезбедување имоти и лица и останати расходи за услуги за поправки, одржување и заштита на средствата на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 27 -** Издатоци за реклама и пропаганда, се впишува износот на расходите за: реклама преку електронски и печатени медиуми, плакати, билборди и слично, услуги на рекламни агенции и за рекламен и пропаганден материјал.

**Во позицијата под реден број 28 -** Издатоци за репрезентација, се впишува износот на направените расходи за репрезентација.

**Во позицијата под реден број 29 -** Интелектуални услуги, се впишува износот на расходите за: авторски хонорари, договор на дело, консултантски и советодавни услуги, услуги на ревизија, услуги за вештачења и процена и платените даноци по овие основи.

**Во позицијата под реден број 30 -** Сметководствени услуги, се впишува износот на расходи за вршење на сметководствените работи на политичката партија платени во периодот за кој се известува.

**Во позицијата под реден број 31 -** Судски и правни услуги, се впишува износот на платените судски такси и износот на трошоци за адвокатски и нотарски услуги.

**Во позицијата под реден број 32** - Услуги за превод, се впишува платениот износот за извршен превод на текст.

**Во позицијата под реден број 33 -** Услуги за копирање, печатење и издавање, се впишува износот на расходи за: услуги за подготовка на текст за печатење, услуги за интернет страница, графички услуги и услуги за укоричување, услуги за препис и за услуги за умножување.

**Во позицијата под реден број 34 -** Услуги за статистички истражувања, се впишува износот на расходите за спроведување на истражувања на јавното мислење преку различни видови на медиуми (онлајн, телефон, теренски, и др.).

**Во позицијата под реден број 35 -** Услуги за објавување на огласи, се впишува износот на расходите за објава на годишна сметка, јавен повик и друго во електронски и печатени медиуми.

**Во позицијата под реден број 36 -** Изнајмување на простор и опрема, се впишува износот на расходите за изнајмување на простор и опрема за потребите на политичката партија.

**Во позицијата под реден број 37 -** Привремени вработувања, се впишува износот на расходите во врска со привремените вработувања во политичката партија.

**Во позицијата под реден број 38 -** Други услуги, се впишува износот на направените расходи по основ на добиени услуги кои не се содржани во претходните позиции од Извештајот.

**Во позицијата под реден број 39 -** Провизија за платниот промет, се впишува износот на банкарските провизии за извршен платен промет во земјата и странство од страна на носителот на платниот промет.

**Во позицијата под реден број 40 -** Камати на кредити и заеми, се впишува износот на доспеаните и платени камати по основ на земените кредити и заеми.

**Во позицијата под реден број 41 -** Отплата на главница на кредити и заеми, се впишува платениот износ по основ на главница од кредити и заеми.

**Во позицијата под реден број 42 -** Премии за осигурување, се впишува износот на расход по основ на премиите за осигурување на имот и лица.

**Во позицијата под реден број 43 -** Негативни курсни разлики, се впишува износот на расходите по основ на негативните курсни разлики.

**Во позицијата под реден број 44 -** Други финансиски услуги, се впишува износот на расходите кои не се споменати во претходните позиции, а се направени по основ на услуги примени од финансиски институции.

**Во позицијата под реден број 45 -** Дневници за службено патување и патни трошоци во земјата, се впишува износот на дневниците за извршено службено патување и направените хотелски и превозни трошоци поврзани со службеното патување во земјата.

**Во позицијата под реден број 46 -** Дневници за службено патување и патни трошоци во странство, се впишува износот на дневниците за извршено службено патување и направените хотелски и превозни трошоци поврзани со службеното патување во странство.

**Во позицијата под реден број 47 -** Семинари и конференции, се впишува износот на расходите во врска со: учество на семинари и конференции во земјата и во странство, одржување на конгреси, одржување на состаноци на органите на политичката партија и за одржани советувања со членството.

**Во позицијата под реден број 48 -** Членарини платени од политичката партија, се впишува износот на расходите во врска со платените членарини од политичката партија по основ на членство во правни субјекти во земјата и во странство .

**Во позицијата под реден број 49 -** Издатоци за меѓународна соработка, се впишува износот на расходите за: меѓународна соработка и информативно-пропагандна дејност во странство, прием, престој и испраќање на странски делегации, подароци и други давачки и други расходи за меѓународна соработка, без износот на дневниците и патните трошоци за службеното патување.

**Во позицијата под реден број 50 -** Плати, се впишува износот на расходите во врска со исплатените нето плати.

**Во позицијата под реден број 51 -** Придонеси за социјално осигурување, се впишува износот на платените придонеси за задолжително социјално осигурување.

**Во позицијата под реден број 52 -** Данок на личен доход, се впишува износот на платен данок на личен доход за исплатените плати.

**Во позицијата под реден број 53 -** Надомести, се впишува износот на расходите исплатени за надоместоци за вработени кои не се опфатени во претходните позиции, а се однесуваат на расходи за: отпремнина при одење во пензија, непрекинато боледување подолго од шест месеци, расходи во случај на смрт на работникот и во случај на смрт на член на потесно семејството на работникот и други расходи во согласност со закон, како и платените даноци за надоместоците исплатени во износи повисоки од пропишаните.

**Во позицијата под реден број 54 -** Други даноци и придонеси, се впишува износот на расходите по основ на платени даноци и придонеси од страна на политичката партија кои не се содржани во претходните позиции.

**Во позицијата под реден број 55 -** Помошти, донации и други давања на правни лица, се впишува износот на помошти, донации и други давања на правни лица.

**Во позицијата под реден број 56 -** Помошти, донации и други давања на физички лица, се впишува износот на помошти, донации и други давања на физички лица.

| |
|---|
| **Во позицијата под реден број 57 -** Други помошти и давања, се впишува износот на други помошти и давања кои не се искажани во претходните две позиции. |
| **Во позицијата под реден број 58 -** Пренесени парични средства на трансакциската сметка за изборна кампања, се впишува износот на пренесените парични средства од основната трансакциска сметка и од посебната трансакциска сметка за парични средства обезбедени преку кредит на трансакциската сметка за изборната кампања согласно Изборниот законик. |
| **Во позицијата под реден број 59 -** Донации во парични средства префрлени во Буџетот на Република Северна Македонија, се впишува износот на донацијата во парична вредност од непознат донатор која се префрла на Буџетот на Република Северна Македонија согласно со закон. |
| **Во позицијата под реден број 60 -** Донации вратени на донаторот, се впишува износот на разликата меѓу дозволениот износ на паричната донација и донираниот износ која е вратена на донаторот согласно со закон. |
| **Во позицијата под реден број 61 -** Набавка на градежни објекти, се впишува износот на расходите за купување на градежни објекти, изградба, доградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти и други средства за градежни објекти (програми, проекти, експертизи и сл.). |
| **Во позицијата под реден број 62 -** Набавка на опрема, се впишува износот на расходите за купување на машини, уреди и постројки за потребите на политичката партија. |
| **Во позицијата под реден број 63 -** Други капитални средства, се впишува износот на расходите за купување на земјиште, откуп на патенти, лиценци и други права и други капитални средства што не се опфатени со претходните позиции. |
| **Во позицијата под реден број 64 -** Други расходи, се впишува износот на расходите на политичката партија кои не се вклучени во претходните позиции. |
| **Во позицијата под реден број 65 -** Вкупно расходи во парични средства, се впишува збирниот износ на расходите искажани од позицијата под реден број 21 до позицијата под реден број 64 од Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 66 –** Вкупно приходи во парични средства - Вкупно расходи во парични средства, се впишува износот добиен како разлика меѓу износот на вкупните приходи искажан во позицијата под реден број 20 и износот на вкупните расходи прикажани во позицијата под реден број 65 од Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 67 -** Донации во материјални средства, се впишува износот на примени донации, спонзорства, подароци и легати во материјални средства, како и купените стоки по цени пониски од пазарните цени. |
| **Во позицијата под реден број 68 -** Донации во услуги, се впишува износот на примени донации во услуги, и тоа износот на бесплатни услуги, услуги платени од трето лице и примени услуги по цени пониски од пазарните цени. |
| **Позицијата под реден број 69 –** Вкупно приходи од донации во непарични средства, се впишува збирот на износите искажани во позицијата под реден број 67 и позицијата под реден број 68 од Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 70 –** Вкупно расходи по основ на примени донации во непарични средства, се впишува износот на расходите кои не предизвикуваат одлив на парични средства по основ на донации во непарични средства. |
| **Во позицијата под реден број 71 –**Вкупно приходи, се впишува збирот на износите од позицијата под реден број 20 и позицијата под реден број 69 од Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 72 –** Вкупно расходи, се впишува збирниот износ на износите од позицијата под реден број 65 и позицијата под реден број 70 од Извештајот. |

| |
|---|
| **Во позицијата под реден број 73-** Вкупно приходи-Вкупно расходи, се впишува износот на разликата меѓу износите од позицијата под реден број 71 и позицијата под реден број 72 од Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 74 -** Преземени, а неплатени обврски на политичката партија на 31.12.20__ година, се впишува вкупниот износ на преземени, а неплатени обврски со состојба на последниот ден од календарската година за која се составува Извештајот. |
| **Во позицијата под реден број 75 -** Вкупно паричните средства на политичката партија на 31.12.20__ година, се впишува износот на паричните средства на сметката, односно на сметките на политичката партија со состојба на последниот ден од календарската година за која се составува Извештајот. |
| На крајот на Образецот се наведува местото и датумот на пополнување на Извештајот, името и презимето на лицето кое го пополнило Извештајот, името и презимето на лицето одговорно за потпишување на Извештајот согласно статутот на политичката партија со своерачни потписи на овие лица и печат на политичката партија. |